# Справување со предизвикувачко однесување на ученици


Реализатори:

1. **Петронела Ладечка**

Институт за работна рехабилитација, Средно стручно училиште за ученици со пречки во развојот, Братислава, Словачка

2. **Ивета Милѐвска**

Основно училиште „Валдис Авотиќ“, Рига, Латвија

3. **Марија Делетиќ**

Посебно основно училиште „Д-р Златан Сремец“, Скопје, Северна Македонија

4. **Раили Хиесалу**

Основно училиште Парну Паикасе, Парну, Естонија



***Апстракт:***

Пролетта 2020 год. се прошири Ковид-19 и карантинот беше нов и навистина тежок за нас, а особено за децата со посебни потреби, нивните родители и наставници.

Целта на ова истражување е да се открие каков вид на помош добивале родителите од наставниците/ училиштата во однос на учењето и справувањето со предизвикувачкото однесување за време на карантинот од Ковид-19, во пролетта 2020. Во прашалникот за наставници, главните цели беа да се пронајдат корисни онлајн алатки, кои ќе помогнат да се намали или превенира предизвикувачкото однесување кај децата и на кој начин наставниците ги поддржувале родителите и децата.

Беа формирани два прашалници - за родители и за наставници, а вкупно се 4 училишта од 4 држави кои беа вклучени во истражувањето со овој прашалник.

Резултатите покажаа дека наставниците се растегнати помеѓу учениците, образованието, нивното ментално здравје, консултации со родители и административна работа. На наставниците им беше тешко да работат во карантинскиот период со онлајн часови и причините за тоа се најчесто од техничка природа. За децата со ПОП ретко има достапни едукативни материјали и он-лајн алатки, па можеме да заклучиме дека наставниците беа оставени на сопствената креативност, знаења, компјутерски познавања и способности.

Родителите, пак, од друга страна, изјавија дека за време на карантинот имаа потешкотии во организацијата на времето во однос на нивните работни обврски и поддршката на нивните деца за време на учењето. Во однос на помошта и поддршката која родителите ја добивале од наставниците на нивните деца или од училиштето, во однос на справувањето со

предизвикувачкото однесување на нивните деца, било во форма на одложување на роковите за доставување на домашните задачи, работни листови, презентации, видеа, регуларен контакт по телефон и е-пошта.

**Клучни зборови**: Ковид-19, образование за ПОП, учење на далечина

## 1. Вовед

Предизвикувачките однесувања (ПО) се превалентни кај лицата со интелектуална попреченост (Emerson et al. 2001; Holden & Gitlesen 2006; Lowe et al. 2007). ПО се асоцирани со негативни исходи кај лицата со интелектуална попреченост и нивната директна околина, што во нашиов случај ги отсликува родителите и наставниците.

Едукаторите ги имаат опишано овие ПО како најголем проблем во јавните училишта последниве 40-тина години (Walker, Ramsey. & Gresham, 2004, cited in Kern, White, & Gresham, 2007). Наставниците истакнале дека се лошо опремени или обучени за да им асистираат на ученици со многу предизвици кои ги покажуваат во училница (Buchanan, Gueldner, Tran, & Merrell, 2009; Justice & Espinoza, 2007, cited in Ducharme & Shecter, 2011), што води до создавање на високи нивоа на стрес и Кејт Брауни - согорување кај наставниот кадар. Наставниците се соочуваат со притисоци да исполнат се повисоки академски стандарди, а додека ги поддржува различните академски, бихејвиорални и емоционални потреби на учениците во рамките на поставките на инклузивното образование.

Состојбата со предизвикувачко однесување кај деца и адолесценти може да е комплексна и може да е предизвикана од голем број на генетски и

средински фактори. Ова однесување обично има некоја порака и може да постои бидејќи на учениците им недостасуваат вештини за прифаќање на посоодветни начини на однесување за постигнување на целите или за да ја пренесат пораката соодветно (Kaiser & Rasminsky, 2007).

Со спроведеното истражување помеѓу родителите и наставниците, сакавме да добиеме слика за предизвикувачкото однесување на учениците за време на карантинот од Корона вирусот во домашни услови и да ги испитаме препораките на наставниците кои им ги даваат на родителите за справување со предизвикувачкото однесување и начините на поддршка за време на учењето.

Во предвид беа земени предизвикувачки однесувања, како на пример: агресија, ниска само-регулација, автоагресија или хетероагресија, тантруми, пропаѓања, сензорни преоптеретувања, одбивање за соработка и вербална агресија.

Резултатот ќе биде презентиран и употребен во однос на Еразмус+ проектот „Справување со ученици со предизвикувачко однесување“ (Project No. 2019-1-EE01-KA229-051598_1). Сите резултати ќе бидат евалуирани анонимно и ќе им помогнат на наставниците во поддршката на родителите. Затоа, прашалникот за родителите се однесуваше на проблематичното однесување на децата.

Главните причини беа да се открие каква помош родителите добиваат од наставниците или од училиштето во однос на едукацијата на децата и справувањето со предизвикувачко однесување за време на Ковид-19 карантинот за време на пролетта 2020. Дали предизвикувачкото однесување кај децата било во пораст или не и што на родителите им треба дома во однос на предизвикувачкото однесување.

Во прашалникот за наставници главните точки беа да се пронајде корисна онлајн едукативна методологија која помогнала да се редуцра или превенира предизвикувачкото однесување кај децата, на кој начин наставниците ги поддржувале родителите и учениците, па после оваа анализа сите партнери на проектот ќе ги прошират сознанијата во нивните училишта. Дури и пред кризата, наставниците искажуваа силна потреба од обуки за користење на ИКТ алатки во наставата (Schleicher, 2020).

Кога го започнавме проектот, имавме во предвид мобилности, кои за жал беа откажани. Ова истражување ни овозможи инпут за да се движиме кон целите на проектот.

Борејќи се со спречувањето на ширењето на Корона вирусот и одржување на здрава физичка дистанца, училиштата мораа да бидат привремено затворени и бргу се прејде од учење со физичко присуство кон учење од далечина. За учениците под 18 години, тоа беа нови искуства за учење од дома. Глобално, преку 1,2 билиони деца беа

надвор од своите училнци. Токму поради тоа што оваа ситуација беше нова, не беше невообичаено децата да се однесуваат поинаку, во поинакви услови, но сите деца требаше да учат од дома. Родителите требаше да ги едуцираат и насочуваат децата. Наставниците беа исто така во нова позиција; тие мораа да се адаптираат на новите педагошки концепти и начини да понудат едукација, за што можеби некои и не се обучени.

Знаењето за тоа како родителите да се справат со предизвикувачкото однесување на нивните деца во домот, беше недоволно за нас. Децата со предизвикувачко однесување, често имаат потешкотии во извршување на секојдневните активности. Секое училиште кое е дел од овој проект има сопствен начин на комуникација и поддршка на родителите. Некои родители се отворени во комуникацијата, зборуваат за проблемите на нивните деца и бараат поддршка од училиштето. Но, има и родители на кои им е потребна помош, но не ја бараат, па со ова истражување се надевавме дека ќе дознаеме повеќе.

## 2. Истражување и истражувачки методи

Истражуваната група се состои од:

- одговори на прашалник за родители = вкупно 49 одговори, од кои 29 женски и 18 машки, а 2 не одговориле. По држави сликата изгледа вака: Естонија = 8 одговори, Латвија = 12 одговори, Македонија = 14 одговори и Словачка = 15 одговори.

- одговори на прашалник за наставници = вкупно 77, односно 66 женски и 11 машки. По држави: Македонија = 32, Словачка = 20, Латвија = 18 и Естонија = 7.

Податоците се сумирани преку Гугл Формс прашалникот. Гугл Формс ги опфаќа сите стандардни истражувачки полиња како - текст, прашања со повеќекратни одговори, листа на понудени одговори, линеарни скали, мрежен текст - сè што ни беше од корист во нашето истражување.

Сите партнери ја преведоа англиската верзија од прашалникот на мајчин јазик. Така, сите наставници и родители од четирите училишта имаа можност да одговорат на прашалникот. Сите имаа можност да одговорат директно на онлајн прашалникот и да останат целосно анонимни. Друга опција беше да се испрати електронска пошта со комплетиран прашалник на мајчин јазик на училишниот проект - координатор. Третата опција беше да се испринтаат

прашалниците и да се одговорат своерачно. Училишниот координатор или тимот ги внесува одговорите на англиски јазик во онлајн прашалникот.

Прашалникот за родители содржи 5 прашања, а прашалникот за наставници има 13. Прашалникот за родители има 3, а за наставници има 4 прашања со отворени одговори. Отворените одговори на прашањата беа кодирани. Кодирањето на секој одговор со еден или повеќе кодови помогна во тоа да се издвои суштината на одговорот, а за возврат ефикасно се сумираа резултатите од целото истражување.

Имаше вкупно 49 одговори во прашалниците за родители и 77 во прашалниците за наставници.

# 3. Резултати

### 3.1. Дали искусивте некакви промени во однесувањето на Вашето дете за време на карантинот?




**Табела 1**

Според резултатите на родителите, ним им било тешко помагајќи им на децата да ги исполнат училишните задолженија за време на карантинот со Корона вирус. Повеќето родители изнесоа дека морале да ги проверуваат домашните задолженија, но прво да им ја објаснуваат целта на задолжението, а потоа и да учат со нив. Неколку родители имале можност да го испратат детето на училиште, како родители на дете со тешка интелектуална попреченост: „Моето дете во тоа време имаше можност да оди на училиште. Вообичаената училишна работа не се случуваше за учениците кои имаат тежок интелектуален хендикеп. Тие го поминуваат времето во дневна нега (во училиште).“

Неколку родители посочија дека нивните работни обврски морале да

бидат во втор план или пак да се снаоѓаат да работат со своето дете, додека работат од дома. Еден родител го гледа проблемот во училиштето.

При опсервација, се заклучува дека постои недостаток на искуство, методи и трпение за да му се помогне на детето. Во домот постои слободен режим, кој оневозможува учење. Родителите дури морале да ја напуштат работата, за да можат да ги реализират задолженијата со своите деца. Децата пак, имаат недостаток во социјализацијата.

10 родители од 49, одговориле дека не им била потребна помош и дека немале никакви проблеми: „Не му требаше никаква помош. Задолженијата си ги завршуваше самостојно.“

Користејќи бројки: 18 родители одговориле ДА, 18 НЕ, 7 Можеби и 6 одговориле нешто друго за искусувањето на промените во однесувањето на нивното дете за време на карантинот.

Оние 6 родители кои одговориле нешто друго, го посочиле следново: директен напредок во развојот на детето, детето спортувало, детето било среќно дома и си ги работело домашните задолженија, детето сакало да излегува надвор, но поради Корона вирусот не излегувале многу, детето било изморено и не сакало да продолжи да учи и еден родител не знаел што да одговори на ова прашање.

Околу помошта и поддршката што родителите ја добивале од наставниците или училиштето во однос на справување со предизвикувачкото однесување на децата, таа се однесувала на пролонгирање на крајниот рок за доставување на домашните задолженија, материјалите за учење, наставните листови, презентации, видеа, регуларен контакт преку електронска пошта или телефон или дневен престој за учениците со тешка интелектуална попреченост, поддршка и советување. Едно од децата има добиено електронски уред од училиштето. Исто така еден од родителите ја истакна ориентираноста на училиштето кон решавање на проблемите: „Соработката и помошта на одделенскиот наставник на моето дете се за пофалба. На пример видео часовите кои се на Фејсбук и се достапни за гледање во недостаток на настава. Училиштето беше целосно ориентирано кон решавање на проблемите, на пр. беа понудени многу решенија за оние деца кои не беа во можност да седат дома, сепак да бидат опфатени во Дневен престој и да се грижат за нив.“

Некои родители истакнуваат дека наставниците им дале совети за начинот на справување со однесувањето на децата: „Ни беа дадени насоки за справување со однесувањето на децата.“

Еден родител истакна дека користеле картички со визуелни симболи за комуникација во различни ситуации: „Продолживме да користиме PCS (Picture communication system) картички со слики во различни ситуации, а доколку имавме потреба разговаравме и комуницираме со наставничката преку е-канали и телефон.“

14 родители од 49 одговориле дека не им била потребна помош, ниту дека имале некаков проблем во справувањето со однесувањето. Еден родител споменал дека не им била потребна никаква помош.

За помошта која им е потребна на родителите во однос на однесувањето на нивното дете дома, споменале непосредна помош, советување, консултации родител - специјален едукатор, адаптирани материјали, посета од психолог, асиситент кој е присутен дома за време на учењето на далечина, поголема размена/ промена на околината, консултации со наставник: „Тоа не е проблем сега. Би сакал да потенцирам дека главно стресните ситуации можат да бидат предизвикани од комплицирани предмети или теми, каде не е добиена консултација од наставник и родителите не се во состојба да го објаснат предметот.“

Објаснување наместо испраќање материјали.

Некои родители точно знаат кои им се потребите на нивните деца, што може да биде повеќе играчки или нови материјали за учење или повеќе прошетки со семејството. 15 родители посочиле дека не им била потребна помош, бидејќи предизвикувачкото однесување не се појавувало дома.

**3.2. Каков тип на санкции мислите дека би можеле да се употребат за да се поттикне Вашето дете?**




**Табела 2**

Во однос на санкциите кои може да се искористат за поттикнување на децата да се однесуваат подобро, се покажани во табелата (Табела 2), 20 родители ги посочиле спортските активности, а 15 укажале на правење паузи за време на работата. 14 од нив спомeнале дека помага промената на темата или активноста. Давањето на дополнителни задолженија и промена на местото на учење се одговори кои се одбрани од 6 родители. Некои родители имаат дадено свои гледишта, кои не беа опции, како санкции да се поттикне детето да се однесува подобро се одвлекување на вниманието, дискусија за проблемот, патување со семејството и секако да се избегнува преоптеретување на учениците со задолженија.

**3.3. Колку често родителите ги прашувале наставниците за помош кога детето не сакало да учи и ги игнорирало?**




**Табела 3**

На родителите секогаш им е потребна дополнителна помош од наставниците. Во периодот на карантин, родителите ретко барале помош од наставниците (44). Одговор од типот „Еднаш неделно“ е често спомнуван (16) и два пати неделно (8). Најважниот дел е дека родителите кои барале секојдневна помош од наставниците се многу малку - само 4 одговори.

**3.4. Дали беше тешко да се разбуди детето наутро и да се учи?**




**Табела 4**

Утринската рутина е тешка за повеќето луѓе, но сметаме дека за децата со бихејвиорални проблеми е потешка околку за било кој друг. Земајќи ги во предвид тешкотиите околу рано - утринското будење и учење, 31 наставник одговориле дека родителите имале потешкотии со нивните деца, 30 наставници одговориле Понекогаш, а само 8 одговориле дека немале никакви проблеми.

**3.5. Дали имало случаи кога детето станувало бесно или агресивно кога не му се дозволува да оди надвор и да си игра со другарчињата (или да прави нешто друго)?**




**Табела 5**

38 наставници одговориле дека имало такви случаи кога учениците реагирале со бес. Исто така, 14 наставници тврдат дека учениците не покажале никакво агресивно однесување, а 13 одговориле дека учениците покажуваат бес и агресија често (Табела 5).

**3.6. Во многу семејства има повеќе од две или три деца. Седејќи дома по цели денови, дали тие беа...**




**Табела 6**

Децата со посебни потреби се обично многу пријателски настроени и најважно е пријателското однесување во домот, особено со браќата и сестрите. 37 наставници потврдуваат дека децата покажуваат пријателски однос со браќата и сестрите. Не можеме да го запоставиме високиот процент на деца со предизвикувачко однесување дома, изразено со 22 одговори. Ниско е (6 одговори), но важно да се спомне и фактот дека децата покажуваат и депресивно однесување (Табела 6).

### 3.7. Како изгледаше работата за време на карантинот од Корона вирусот?




**Табела 7**

На голем број од наставниците, работата за време на карантинот им беше тешка. Наставниците често одговараа со „беше ок, без проблеми“, „макотрпно“ и „предизвикувачки“- како средно рангирани одговори. Помалку фреквентни одговори се оние од типот „повеќе работа од вообичаено“, „ниска мотивација кај учениците“ и „добро“. Други интересни одговори на ова прашање беа и стресното и заморувачко влијание врз наставниците, непостоење на интерес од страна на родителите за работа и соработка или дека немале компјутери и соодветна техничка поддршка (Табела 7).

### 3.8. Дали требаше да ги поддржувате родителите повеќе од вообичаено?




**Табела 8**

Земајќи во предвид колку наставниците ги поддржуваат родителите, 46 од наставниците одговориле со „можеби“, што би значело дека понекогаш или зависно од ситуацијата и потребите на родителите на различни полиња. Понатаму имаме 18 одговори „Не“ што можеме да го поврземе со ниската родителска мотивација за поддршка и работа од претходното прашање, како што кажуваат наставниците. Само 13 наставници истакнале дека родителите барале повеќе поддршка од вообичаено (Табела 8).

### 3.9. На кој начин ги поддржувавте родителите и учениците?




**Табела 9**

Наставниците одговорија дека ги поддржуваат родителите и учениците за се, за што тие имаат потреба (65%), вклучувајќи: учење, играње, работа, долго плачење кај децата, бихејвиорални проблеми, проблеми со исхрана и со здравје. Давањето на упатства на родителите за изработка на домашните задолженија е изразено со 22%, долги разговори со родителите за разрешување на постоечки проблем на дневно ниво е изразено со 9% и овозможување на психолошка поддршка во тешки моменти е изразено со 4% (Табела 9).

### 3.10. Дали се соочивте со предизвикувачко однесување кај учениците за време на онлајн наставата?




**Табела 10**

Одговорите на ова прашање околу „соочувањето со предизвикувачко однесување за време на онлајн наставата“, беше со степенување на одговорите од 1 (воопшто) до 10 (екстремно). Одговорите покажуваат дека наставниците најчесто „воопшто“ не се соочиле со таков проблем, што значи дека не искусиле некакво предизвикувачко однесување за време на онлајн наставата. Следен чест одговор е бројот 5, кој можеме да го коментираме дека „понекогаш“ се соочувале со предизвикувачко однесување или пак само кај одредени ученици. Бројот 9, кој може да го толкуваме како „скоро екстремно“ исто така има зачестени одговори (Табела 10).

**3.11. Можете ли да препорачате некоја корисна онлајн методологија за едукација која помогнала во редуцирање или превенција на предизвикувачкото однесување?**




**Табела 11**

Образовните методологии и алатки за ученици со ПП се ретко достапни, па можеме да заклучиме дека наставниците се оставени на сопствената креативност, знаења, компјутерски познавања, способности итн. Резултатите покажуваат дека наставниците НЕ КОРИСТЕЛЕ или не можат да препорачаат некоја он лајн методологија за едукација која ќе го редуцира или превенира предизвикувачкото однесување. Интересно е да се спомене дека некои од наставниците се потрудиле во намалувањето на ова однесување користејќи различни алатки или методологии, како: MS Teams, снимани материјали- видеа, подготовка на визуелни материјали и PCS, Edupage, Skype, Live streams итн (Табела 11).

**3.12. Дали проблематичното однесување се појавува и постои кога барате да се реализира некое задолжение за време на онлајн наставта?**




**Табела 12**

Одговарањето на ова прашање околу појавата на проблематичното однесување е со градација на одговорите од „никогаш“ до „секогаш“, изразено во проценти. Најчестиот одговор е дека проблематичното однесување е многу ретко, или од „никогаш“ до 10%. Понатаму наставниците истакнуваат дека се сретнале со проблематично однесување кај 50% од децата. Многу малку од одговорите ги среќаваме во делот од 90%, што означува дека многу малку ученици покажуваат проблематично однесување за време на он лајн наставата (Табела 12).

**3.13. Кога ќе се појави предизвикувачкото однесување дали го пренасочувате ученикот да се врати на барањето?**




**Табела 13**

Прашањето околу пренасочувањето на ученикот е повторно со градација од „никогаш“ до „секогаш“ изразено помеѓу со проценти. Најчестиот одговор е дека наставниците „секогаш“ го пренасочуваат ученикот кога ќе се појави предизвикувачкото однесување, додека учениците си работат на сопственото задолжение. Се забележува висока фреквенција во делот со 50% што би значело зависно од случај до случај, а најмалку одговори забележуваме кај 25%, изразена со само 4 одговори (Табела 13).

**3.14. Дали Вашите ученици имаат проблем со распоредот за време во овој период?**




**Табела 14**

Периодот на карантин беше тежок за сите нас. Како што е очекувано, беше тежок и за учениците исто така. Тешкото време во карантинот особено се покажува во планирањето на активностите или нивниот распоред и организацијата на времето за секојдневните рутини. Распоредувањето на времето за нашите ученици е предизвикувачка активност, што е потврдено од одговорите на 45 наставници. Со „можеби“ одговориле 25 наставници, а 7 одговориле дека нивните ученици немаат никаков проблем со распоредот на активностите во време на карантин.

За време на онлајн едукацијата се соочивме со многу предизвици и пречки. Наставниците најмногу имаа проблеми во реализацијата на онлајн наставата со техничкиот дел од работата (не секој имал компјутер, паметен телефон,

таблети - наставници или ученици или пак оремата е стара) и интернет конекција, алатки или извори. Секогаш постоечки проблем со нашите ученици е исто така слаботo внимание и потребата за физички контакт помеѓу наставник и ученик. Одреден број на наставници напишаа дека постоеле и други проблеми, како надминување на рокот за предавање на домашните задолженија, недостаток на повратна информација, користење на печатени материјали (редовност во подигнување и симнување-даунлодирање на истите), користење на образовна платформа (која не е толку стабилна за користење), недостаток на идеи за работа.

## 4. Заклучоци

И покрај предизвиците и суштинските промени на навиките, кои се случија преку ноќ, целокупното искуство на родителите беше главно позитивно за време на карантинот во 2020. Прашалникот дава увид во начинот на кој дигиталното образование може да се развива во иднина. Во исто време не смееме да заборавиме дека на родителите треба да им се обезбеди помош со советување, совети за едукативниот процес и инструкции за справување со предизвикувачкото однесување во домашни услови. Ова беше невиден модел на едукација во Европските земји и пошироко, со што целокупните семејства мораа да ги променат нивните дневни рутини. Тешко беше да им се помага на децата во процесот на учење за време на овој модел на едукација за родителите, кои се изјаснија дека тие морале да им објаснуваат, да ги учат и да се справуваат и со сопствените работни обврски и со учењето на нивното дете за време на работното време. Некои од децата ги чекале родителите дома, бидејќи не можеле да учат без помош. Понекогаш на родителите им недостасува повеќе искуство, методи и трпение во процесот на учење, додека на децата им недостасува мотивација и концентрација. Според резултатите, понекогаш се бара компромис во некои семејства. Исто така, многу родители изјавуваат дека на детето не му треба асистенција при учење ниту дека постои предизвикувачко однесување. Генерално, резултатите од истражувањето кои укажуваат околу помошта и поддршката кои родителот ги добива од наставникот на неговото дете или од училиштето, во однос на справувањето со предизвикувачкото однесување на детето е од помош за сите училишта. Знаењата на родителите за потребите на нивните деца за време на учењето на далечина е многу важно за секое училиште. Благодарение на ова знаење, училиштата можат да обезбедат поефективна асистенција.

Резултатите од прашалникот за наставници покажуваат дека родителите ретко бараат помош од наставниците, наместо да ги прашуваат секојдневно за консултации и советување околу надминување на тешкотиите во периодот на карантин. Поддршката и помошта на

наставниците е есенцијална за родителите, особено во тешки времиња. Децата со предизвикувачко однесување имаат потешкотии со станувањето наутро и учењето, што е и очекувано за нив. Исто така очекуваме агресивно, бесно и несоодветно однесување кај овие деца, особено кога не им е дозволено да го прават тоа што го сакаат во моментот. Тоа вклучува среќавање и играње со другарчиња и како што излегоа и резултатите погоре, ние го потврдивме ова тврдење. Ако ги вброиме тврдењата од типот „често“ и „понекогаш“ како афирмативни, имаме огромен процент на деца кои покажуваат несоодветно однесување кога не им е дозволено да се социјализираат или да го прават она што го сакаат. Предизвикувачкото однесување кај деца со ПП е многу често и овој прашалник го потврдува тоа. Околу обврските на наставниците, особено во периодот на карантин, можеме да се изразиме со еден збор - ТЕШКО. Повеќето наставници истакнуваат дека работата за време на карантинот била тешка за нив и слободно можеме да ги искористиме другите одговори на прашањето за да го потврдиме ова, на пример: имале повеќе работа од вообичаената, учениците имале слаба мотивација за работа и учење итн. Наставниците ги поддржуваат учениците постојано и за секоја потреба која ја имаат. Учениците се заеднички интерес на наставниците и родителите.

За време на периодот на карантин, некои родители барале помош, но некои не. Тоа зависи од различните типови на развојни нарушувања кои децата ги имаат. Можеме слободно да заклучиме дека улогата на наставникот била многу важна за родителите и дека наставниците не се тука само за учениците, туку и за поддршка на целото семејство. Било какви предлози се корисни за родителите, а најмногу давањето насоки за начините на справување со предизвикувачко однесување во периодот на карантин, што е токму она кое наставниците го правеа.

Заклучокот е дека некои деца покажувале предизвикувачко однесување и анализирајќи ги одговорите можеме да забележиме дека бројот на ученици кои покажувале предизвикувачко однесување е висок. Познавајќи ја проблематиката на нашата работа, можеме слободно да заклучиме дека не постојат специјализирани онлајн алатки за овој вид на однесување кои би можеле да ги предложиме, повеќето родители немаат никакви технички направи (компјутери, паметни телефони, таблети итн.), родителите се ниско мотивирани да комуницираат со наставниците, некои од наставниците немаат компјутери и сето тоа укажува на заклучокот дека ни треба повеќе онлајн поддршка (програми - софтвери, платформи, игри и сл.) за овие деца.

Според одговорите на наставниците, учениците не покажуваат проблематично однесување за време на онлајн наставата. Учениците се навикнати од нив да се бара извршување на разновидни задолженија за време на часовите, па онлајн задолженијата не биле многу туѓи за нив. Очигледно, сите

ние имаме различни типови на ученици и додека на некои од нив не им смета пренасочување, или само понекогаш им смета, на добар дел од учениците им создава проблеми при пренасочување на проблематичното однесување. Пренасочувањето на работата на ученикот, некогаш може да биде многу корисно, но некогаш може да биде многу фрустрирачки за нив. Го поставивме ова прашање, за да можеме да извлечеме заклучок од наставниците, за влијанието на пренасочувањето кај учениците.

Можеме да заклучиме дека повеќе од половина ученици во четирите истражувани училишта имаат проблеми со распоредот на времето, во овој период на карантин. За време на онлајн наставата се соочувале со голем број на пречки и проблеми, главно од техничка природа.

## Литература:


1. Browne, K. (2013). Challenging behaviour in secondary school students: Classroom strategies for increasing positive behaviour. New Zealand Journal of Teachers Work 10(1), 125-147.
2. Ducharme, J., & Shecter, C. (2011). Bridging the gap between clinical and classroom intervention: Keystone approaches for students with challenging behaviour. School Psychology Review, 40(2), 257–274
3. Emerson E., Kiernan C., Alborz A., Reeves D., Mason H., Swarbrick R., Mason L. & Hatton C. (2001) The prevalence of challenging behaviours: a total population study. Research in Developmental Disabilities 22, 77– 93.
4. Holden B. & Gitlesen J. P. (2006) A total population study of challenging behaviour in the county of Hedmark, Norway: prevalence and risk markers. Research in Developmental Disabilities 27, 456– 465.
5. Kaiser, B., & Rasminsky, J. (2007). Challenging behavior in young children. Understanding, preventing, and responding effectively. London, UK: Pearson Education.
6. Lowe K., Allen D., Jones E., Brophy S., Moore K. & James W. (2007) Challenging behaviours: prevalence and topographies. Journal of Intellectual Disability Research 51, 625– 636.
7. Schleicher, A. (2020, November 17). The impact of COVID-19 on education: In sights from education at a glance 2020. OECD. https://www.oecd.org/education/the-impact-of-covid-19-on-education-insights-education-at-a-glance-2020.pdf
8. Walker, H. M., Ramsey, E., & Gresham, F. M. (2004). Antisocial behaviour in school: Evidence-based practices (2nd ed.). Belmont, CA:Wadsworth/Thompson.


**Координатор на проектот за РСМ: Марија Делетиќ**

**Превод: Роза Андонаки-Ивановска**

**Техничка обработка: Мери Нолчева**